## ПРЕДГОВОР НА УРЕДНИКОТ

Почитувани читатели,

Излегувањето на вториот број, седма година, на меѓународното научно списание „Безбедносни дијалози" на Филозофскиот факултет во Скопје, е поттикнато од научната дебата која произлезе од меѓународната научна конференција „Приватна безбедност во 21 век: искуства и предизвици", која се реализираше во рамките на Деновите на приватното обезбедување 2016. Организатори на оваа конференција која успеа да собере научни работници, експерти и познавачи на областа од поширокиот регион на Балканот, но и од повеќе западни земји, беа Комората на Република Македонија за приватно обезбедување и Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет во Скопје.

Ова издание е посветено на исклучително актуелна и интересна тема, и од академска и од практична гледна точка и дава значаен придонес во натамошното конципирање и етаблирање на дејноста приватно обезбедување. Во овој број на списанието е направен е и еден сублимат на анализи и синтеза на одговори на прашања кои што се во корелација со оваа проблематика.

Во вториот број за 2016 година читателите ќе имаат можност да прочитаат научни анализи и истражувачки резултати за добрите и негативните практики во приватизацијата на безбедноста. Првиот труд се фокусира на етаблирање на нова агенда за истражување и толкување на траекторијата и динамиката на приватната безбедност низ призма на „нова политичка економија на приватна безбедност". Во обидот да се одговори на овој предизвик, трудот не се надоврзува само на важни теоретски истражувања туку дава нова светлина врз природата на приватна безбедност во Велика Британија. Авторот Адам Вајт потенцира дека новата политичка економија на приватна безбедност треба да се користи паралелно со други агенди и теоретски рамки во оваа област за да се генерираат рефлексии поврзани со овој општествен феномен. Интересна анализа нуди трудот кој ја истражува генеалогијата на приватизација на безбедноста во Р. Македонија од стекнувањето на независност од Југославија во 1991 година. Во трудот се поставуваат три значајни истражувачки прашања: кои беа причините за приватизација на безбедноста?, Кои форми ги воспримија во текот на долгиот процес на демократска транзиција?, Кои беа последиците од внатредржавниот конфликт од 2001 за приватизацијата на безбедност и vice versa? Следува труд кој ги утврдува главните области на кривичното законодавство кои се значајни за припадниците на приватните безбедносни компании. Корелацијата помеѓу приватната безбедност и кривичното право има мултидимензионална последица што резултира со развој на посебна област на студии, како и практична димензија.

Потребата за регулирање на приватно обезбедување е потенцирана во следниот труд, во насока на воспоставување на правниот статус на вршителите на приватниот безбедносната активност во рамки на законски утврдените задачи. Трудот ја истакнува дилемата дека не е значајно само како приватната безбедност ќе биде регулирана во Р. Македонија туку и како регулацијата ќе биде имплементирана.

Во петтиот труд се истакнуваат резултатите од реализирано истражување со кое се потврдува дека приватната безбедност има позитивен придонес кон безбедноста во нашата земја, како надополнување на полицијата во одредени активности, така што денес, и покрај физичката и техничката безбедност, активностите на приватните компании за обезбедување се насочени кон спречување и борба против одредени манифестации на организираниот криминал, вклучувајќи осигурување од измама, заштита од повреда на правата на интелектуална сопственост, решавање на определени случаи поврзани со кражби на возила и др.

Во продолжение можете да прочитате труд кој се фокусира на тенденциите во однос на развојот на приватната безбедност, и за прашањето за ефектите на услугите на приватните служби за обезбедување кои ги вложуваат за безбедноста на граѓаните, не само на национално, туку и на меѓународно ниво. Седмиот труд во ова издание се занимава со некои од најпознатите методи кои се користат за проценка на ризикот, анализа на нивното значење и нивната примена во приватната безбедност. Неколку методи кои се применуваат во приватната безбедност во Република Македонија, како и во странство, се издвоени и дискутирани. И на крај, читателската публика на „Безбедносни дијалози" ќе може да прочита труд кој ја објаснува корпоративната безбедност, врските, сличностите и разликите во однос на корпорациите ангажирани за безбедноста во Република Србија. Анализата завршува со моделите и искуствата на безбедноста на корпорациите и компаниите во Р. Србија.

Со почит,
Доц. д-р Тања Милошевска
Главен и одговорен уредник

## PREFACE BY EDITOR

Dear Readers,

The release of the second edition, the seventh year of the international scientific journal "Security dialogues" of the Faculty of Philosophy, was prompted by scientific debate that arose from the international scientific conference "Privatization of Security in the 21st Century: Experiences and Challenges", implemented within Days of private security 2016. The organizers of this conference-Chamber of Republic of Macedonia for private security and the Institute for security, Defence and peace at the Philosophy Faculty, managed to gather researchers, experts and scholars of the field in the broader region of the Balkans, but also from Western countries.

This edition is dedicated to the extremely topical and interesting subject, and academic and practical point of view and make a valuable contribution to the further conceptualization and establishment of private security activities. In this issue of the magazine is made is a sublimation of analysis and synthesis of answers to questions concerning the growing trend of privatization of security.

In the second issue of 2016 readers will be able to read scientific analysis and research results about the pros and cons practices in the privatization of security. The first paper focuses on the establishment of a new research agenda and interpretation of the trajectory and pace of private security through the prism of the "new political economy of private security." In trying to respond to this challenge, the paper not only adds important theoretical research but gives a new light on the nature of private security in the UK. Author Adam White emphasized that the new political economy of private security should be used in parallel with other agendas and theoretical frameworks in this area to generate reflections related to this social phenomenon. Interesting analysis offers work that examines the genealogy of privatization of security in the Republic Macedonia since the state gained independence from Yugoslavia in 1991. The paper sets out three important research questions: what were the causes of privatization of security? What shapes it has taken during the long process of democratic transition? What have been the consequences of the 2001 intra-state conflict on the privatization of security and vice versa?It follows work that sets out the main areas of criminal law which are important for the private security workers. The correlation between private security and criminal law has a multidimensional effect that results in the development of a separate field of study as well as practical dimension.The need for regulation of private security is highlighted in the following work, in order to establish the legal status of providers of private security activity within the legally defined tasks. The paper highlights the

dilemma that is not only important how the private security activity will be regulated in the Republic of Macedonia but also, how the regulation will be implemented.

Fifth paper highlights the results of the conducted research that confirms that private security has a positive contribution to security in our country (R. Macedonia), in addition to the police in certain activities, so that today, despite the physical and technical security, the activities of private security companies aimed at preventing and combating specific manifestations of organized crime, including insurance fraud, protection from infringement of intellectual property rights, resolving certain issues related to the theft of vehicles and others.

Below you can read the paper that focuses on trends regarding the development of private security, and the issue of the effects that private security services exert on the security of citizens, not only on a national, but also on international level.The seventh work in this issue deals with some of the methods used for risk assessment, analysis of their meaning and their use and application in private security. Several methods, which have been applied to private security entities in Republic of Macedonia, as well as abroad, are being singled out and closely discussed. Lastly, the readership of "Safety dialogues" can read the paper that explains corporate security, their connections, similarities and differences in relation to the corporation and engaged the security in the Republic of Serbia.The analysis concludes with the models and experiences of security in corporations and companies in Republic Serbia.

Sincerely,
Ass. Prof. Tanja Miloshevska
Editor in Chief